**1МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5791/**

**З А П И С Н И К**

**Од 129-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 24.12.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски-Директор на МРТ, Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ,Младен Чадиковски-ЗНМ,Весна Никодиноска-МИМ,Катерина Синадиновска-Совет за етика во медиуми и Дејан Георгиевски-Центар за развој на медиуми.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,129-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Разгледување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.

**ТОЧКА1:Разгледување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.**

На почетокот од оваа седница претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац се заблагодари на гостите Младен Чадиковски,Весна Никодиноска,Катерина Синадиновска и Дејан Георгиевски за присуството на оваа седница и за давањето придонес кон овој важен документ за МРТ.

Потоа претседателкта во својот вовед кажа дека советот како тело на оваа тема расправа повеќе години и како документ стратегијата претставува многу важен документ,уште пред да биде донесена како законска обврска таму е насловена и како петгодишен план, но ние сакаваме тоа да биде една вистинска стратегија  за да знаеме каде сакаме да стигне МРТ,која е целта за еден идеален јавен сервис, и кои се начините на кои може да стасаме до таа цел која ја поставуваме во самата стратегија.Исто така сакаме во документот да формулираме кој ресурси ни се потребни за да стасаме до зацртаната цел,како и буџет кој  е потребен за да се стаса до некој идеален модел.

Во однос на процесот на изработка на оваа стратегија до сега претседателката објасни дека МРТ беше дел од проект на ЕУ каде што учествуваат сите јавни радодифузни сервиси од западен балкан и при средбите и состоците беше дискутирано за оваа потреба од изготвување на стратегија и ни беше сугеирано дека ќе ни помогнат со консултанти и експерти кои ќе ни помогнат во изработка и креирање на документот.Така и испадна направивме еден почетен документ кој во неколку циклуси го подобрувавме, и сега се надеваме дека ова е последниот циклус каде ќе ги добиеме вашите забелешки и ке ги вметнеме во документот.

Во продолжение Претседателката на Програмскиот совет им даде збор на претставниците на здруженијата присутни на седницата:

Младен Чадиковски од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ)-на почетокот ги поздрави сите присутни и истакна дека е добро што вакви документи се дикутираат во ваков поширок состав.

Документот како документ е многу добро изработен содржи елементи на зајакнување на јавниот сервис,но постојат и некои работи што можат да се подобрат.МРТ претставува најважниот сегмент во медиумската сфера во Македонија и токму поради тоа е многу важно оваа стратегија да биде изработена.

Чадиковски додаде дека за да опстои во иднина независна и непристрасна МРТ во наредните години мора да се работи на засилување на уредничкиот и новинарскиот капацитет,преку создавање на уредничка и финансиска независност во работењето во однос на менаџментот,што би било одлично за целосната слика на МРТ пред јавноста, и во исто време ќе создаде база за професионално известување во иднина,како и на градење на сериозен капацитет во овој според нас најважен сегмент информативната редакција и информативните програми, кои се од суштинско значење за подигање на новинарството не само во МРТ туку и во целата држава.

Младен Чадиковски во продолжение ги даде предлозите на ЗНМ за подобрување на Стратегијата на МРТ додавајќи дека со оглед на фактот дека допсиничката мрежа на МРТ,но и на нациолните телевизии постојано е недоволна,а во одредени медиуми и целосно е згасната,националните медиуми претежно известуваат централистички и речиси и не покриваат теми ко и се од локално значење со што отсуствува целосната слика во јавноста за опшествените состојби во земјава.

Анализите на ЗНМ укажуваат дека има нагласена потреба од зконска регулатива со која ќе им се наложи на сите национални медиуми да ангажираат дописници.Регионалниот дел на земјава,внатрешноста е еднакво важна за развојот на дописничката мрежа и состојбата со медумите.Токму поради тоа се создава потреба за зголемување на финансиите кои се издвојуваат за вантершноста,со цел да ја зголемат независностана дописниците, но и да ги мотивираат младите од внатрешноста да останат да се занимаваат со новинарство.

Медиумите мора постојано да работат на унапредување на состојабата на вработените,односно на нивниот професионален раст и развој а во оваа насока МРТ треба да биде пример.Ова е клучно за постигнување доверба кај публиката особено сега во време на дигитална ера,кога се наметнуваат некои нови трендови кои може да го загрозат новинарството и медиумската дејност.Затоа квалитетот на медиумите,понудата на нивните содржини е многу важна.Во таа насока,новинарите,а од нив дописниците се значаен ресурс на кој треба да се псовети многу внимание, со цел да се подобри ефикасноста во нивното работење.
Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) бара од вас како раководство на МРТ да обезбеди развој на дописништвата во секој од осумте плански региони во Македонија: најмалку по тројца новинари и двајца сниматели/монтажери или вкупно 24 новинари и 24 сниматели/монтажери.
Од суштинско значење е сите новинари и сниматели да бидат вработени со полно работно време,со договор на неопределено време и ова да биде спроведено во текот на 2021-2022 година.Исто така сакаме да ви укажеме на потребата во секој плански регион да с еобезбеди работен простор и средства за работа вклучувајќи и најмалку по едно возило на дописниците на јавниот сервис и националната медиумска информативна агенција,односно најмалку осум досписнички центри.

Во исто време како што беше укажно од ЗНМ на седницата на Програмскиот совет на МРТ во декември 2020 година,потребно е да се изнајдат статутарни и законски начини на засилување на уредничката и новинарската независност во работењето а со цел раздвојување на менаџерските од новинарските активности.Ова е важен предуслов кој е карактеристичен за јавните сервиси од членките во ЕУ и е нужен да се спроведе од МРТ како една од гаранциите за независноста на јавниот сервис во нашата земја.

Потоа збор имаше Весна Никодиноска од Македноскиот институт за медиуми (МИМ) која најпрвин се заблагодари на поканата, ги поздрави присутните и напорите за подготовката на целиот документ, кој како што кажа самата е амбициозен докумет, и изрази надеж дека ќе биде ефективно инплементиран во следните години, а не да остане само на хартија како многу други документи генерално.
Многу работи се опфатени од тоа што го говориме со години и на кој што се однесувале нашите забелешки и забелешките на медиумските и новинарските здруженија,некои работи треба само да се допрецизираат и дообјаснат,а како пример го даде делот за новите програмски сервиси што беа воведени, попрецизно да се објасни од аспект на финансиската контрукција за истите, со што би се обезбедило непречено функционирање на овие сервиси во иднина,и во ондос на техника,и во однос на човечки ресурси и на крај по однос на програмата која би се емитувала.Во поглед на едуцирање на новинарскиот кадар и интерно и надворешно спомнат е тој Едукативен центар за кој исто апелираме да не биде само на хартија туку веднаш да порфункционира.Делот на ВЕБ страницата на јавниот сервис за која сите сме свесни дека е нефункционална на тоа треба да се работи да се направи функционална ВЕБ страна што го наметнуваат самите модерни трендови,во однос на интеракцијата со публиката ова е едниот дел,додека другиот многу важен дел е Омбусманот, за да може со уште еден сегмент да обезбеди интеракција со самата публика, иако МРТ има и своја Етичка комисија.Медиумската писменост се надеваме дека на некаков начин ќе биде опфатена со стартегијата,односно продуцирање на емисии и содржини кои промовираат медиумска псименост.

Потоа збор доби Дејан Георгиевски од Центарот за развој на медиуми кој даде свои Коментари на Предлог Петгодишната Стратегија за развој на МРТ.

Предложената Петгодишна стратегија за развој на МРТ е мошне добар документ и, сметаме, може да послужи како урнек за соодветни слични документи што за развој на медиумскиот сектор – како општа национална медиумска стратегија така и други секторски стратегии (за комерцијална радиодифузија, за информативната индустрија, за онлајн сферата, итн.).
Подолу се наведени неколку прашања за кои сметаме дека Стратегијата, иако ги препознава, не нуди доволно специфични или соодветни решенија.

1. Во секцијата посветена на визијата и мисијата на МРТ (1.) во дефиницијата за мисијата, недостига потврда на општоприфатената мисија на јавните радиодифузни сервиси (што се пренесува и на јавните медиумски сервиси, позиција кон која МРТ треба да се движи) дека треба да „информира, забавува и образува“. Сегашната дефиниција за мисијата, како што е предложена во Стратегијата, односно индивидуалните точки што ја чинат мисијата, треба да се во тесна врска и да испреплетени со тие три фундаменти на мисијата на јавните радиодифузни/медиумски сервиси.
2. Стратегијата препознава дека постоечкиот модел на финансирање на МРТ не ги исполнува основните начела за финансирањето на јавни радиодифузни/медиумски сервиси – да е доволно, стабилно и предвидливо на среден рок (последното, во формална смисла донекаде е исполнето, со оглед на јасните законски одредби за специфични проценти од Буџетот на РСМ). Стратегијата, исто така, го препознава значењето на соодветно финансирање за независноста на јавниот радиодифузен/медиумски сервис. Оттаму, би препорачале стратегијата да содржи предлог за модел на финансирање што би ги обезбедил сите потреби на МРТ за да може да прерасне и да остане современ јавен медиумски сервис. Ова првенствено се однесува на улогата на МРТ како централен и носечки столб на националната културна и креативна индустрија, а особено на нејзината улога како производител на квалитетна играна програма, потреба што Стратегијата соодветно ја препознава.
3. Предложеното интегрирање на десковите и информативните редакции е извонреден потфат. Од друга страна, идејата таквата интеграција да се преслика и на останатите видови на програма (културно-забавна, образовна, итн.) и на организациската поставеност и администрирањето на јавниот сервис е несоодветна. Предложената промена на еден единствен Програмски директор и за МР и за МТВ е несоодветна поради две причини. Првата е што тоа би бил преголем товар за едно лице. Втората е, радиото и телевизијата се два сосема различни медиуми меѓу кои постојат огромни разлики во реализацијата на програмата. Оттаму, сметаме дека МР и МТВ мораат да имаат одвоени тела што ќе се грижат за програмските потреби, дизајнот на програмите и програмските содржини и нивната реализација.
4. Новиот акцент на развојот на дописничката мрежа и на воспоставувањето на регионални студиски центри на МРТ и нуди можност посериозно да се зафати со потфатот на пополнување на недостатокот од локално информирање. Притоа, со оглед на расположливите „бродбенд“ капацитети на двата дигитални мултиплекси што и се ставени на располагање и можностите за поделба на сигналите со симултано емитување на различни програмски содржини во различни региони, и препорачуваме на МРТ да размисли, во смисла на развој на програмските сервиси, за воспоставување на засебен „програмски сервис на регионите“ или за интегрирање на „локално обоените“ содржини во некој од постоечките програмски сервиси (веројатно најдобро Четвртиот програмски сервис).
5. Намерата да се инвестира во можности за повеќејазични аудио преводи и титлување, како и спомнатата можност за делење на сигналот, нудат нови можности за остварување на потребата (во нашиот случај се работи за прашање од јавен интерес)

за емитување на програма на јазиците на немнозинските заедници, но и за остварување на улогата на кохезивен фактор во општеството, ќе бара повторно разгледување на организациската поставеност на постоечките програмски сервиси (прашање што оваа Стратегија не го допира, веројатно поради истите политички причини и решенија што доведоа до сегашната поставеност и број на програмски сервиси). МРТ веќе во оваа Стратегијаби требало да ја пресретне таа можност и да ги разгледува можните решенија во таа насока.

6. Стратегијата, исто така, треба да се посвети на прашањето на комуникацијата со пobликата/публиките за чии потреби се грижи јавниот радиодифузен сервис. На располагање се неколку опции, кои не се исклучуваат меѓусебно. Според нас, најдобро решение може да понуди комбинацијата од редовни испитувања на јавното мислење и воспоставување на совети на гледачи (на пример, во сите планско развојни региони) што ќе ја одразуваат разновидноста на групи и интереси во даденото географско подрачје со обврска за Програмскиот совет и претставници на другите тела на МРТ, за редовни средби на кои би се собирале предлозите и забелешките на граѓаните за функционирањето и програмската понуда на МРТ.

Потоа збор зеде Снежана Клинчарова и ги образложи своите согледувања за петгодишната стратегија на МРТ, нагласувајќи дека своите предлози за подобрување на текстот, веќе ги испратила во писмена форма до надлежните во куќата. Станува збор за 14 покрупни забелешки и предлози кои се однесуваат на: Воведот, Едукативниот центар ( интерна школа на МРТ ), Свот анализата и потребата од донесување на посебен Закон за МРТ, за користење на европските пари за производство на документарна програма, за најголемото студио на МРТ и Македонија, за Детското драмско студио, за новиот Сектор за човечки ресурси, потребата од враќање на Годишната награда на МРТ, за неопходноста од Истражување на јавното мислење за МРТ, за поефикасна дигитализација на националното богатство на архивата и фонотеката, надминување на проблемите со буџетот на МРТ и властите, потреба за итно зголемување на бројот на вработените во куќата, воведување на ПР служба освен омбудсманот. Со еден збор, предлози и сугестии како и онака добриот текст на стратегијата да се подобри во насока на враќање на престижот на МРТ како јавен сервис меѓу останатите медиуми и воопшто во општеството.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател